ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**



# Учество и застапеност на младите

## Избори за Европскиот парламент 2024

Implemented by: International Foundation for Electoral Systems

Историски гледано, младите луѓе се недоволно застапени на изборите за Европскиот парламент (ЕП), и како гласачи и како избрани претставници. Преодниот момент беше достигнат во 2019 година, кога по намалувањето од 1994 година наваму, општиот одѕив на гласачите во ЕУ се зголеми до 50,6 отсто. Ова зголемување се припишува најмногу на порастот на учеството на младите.[1] Навистина, младите луѓе до 35 години претставуваат голема „моќна" група која сочинува околу 25 отсто од населението на ЕУ.[2]

Препознавајќи ја важноста од одржување на младинското учество и искористување на позитивниот тренд од 2019 година, акцентот во предизборието на европските избори во 2024 година беше ставен на вклучување на младите луѓе. Европските институции и европските политички партии ги удвоија напорите да допрат до гласачите, вклучувајќи ги младите луѓе во различни формати на соработка, залагајќи се за интегрирање на перспективите на младите преку нивната застапеност и политиката.

## Мерки за анимирање и образување на младите

Европските институции поведоа неколку иницијативи за зајакнување на младинскиот ангажман, како што се Европската година на младите, Училишната програма за младински амбасадори, Европското сослушување на младите, Младинскиот центар, Европскиот младински настан и локалните EYEs настани, Европската младинска награда Карло Велики, како и интеграцијата на резултатите поврзани со младите во заклучоците од Конференцијата за иднината на Европа во 2022 година. Како продолжение на овие иницијативи, во 2023 година беше изготвен опсежен Извештај за младински идеи со цел насочување на понатамошните напори поврзани со младите. Пред изборите во 2024 година, ЕП ја постави платформата together.eu, која на младите луѓе им овозможува да се поврзат, да дебатираат и да пристапат до ресурси како на пример, е-учење. Беше претставен посебен дигитален прирачник за едукатори за вклучување на демократското учество и изборните теми во училишните програми.

Меѓутоа, не постои унифицирана европска стратегија за демократија и граѓанско образование. Како резултат на тоа, националните пристапи за зголемување на вклученоста на младите во изборите се разликуваат во голема мера.[3] Додека некои земји членки (ЗЧ) прифатија иновативни дигитални алатки и апликации за споредување на политичките позиции на гласачите со позициите на политичките партии за ангажирање на младите,[4] другите не беа толку проактивни. Некои успешни примери се на пример, младинските избори, како што е националната јуниорска вежба за избори во Германија, во која беа вклучени 4.500 средни училишта.

1 Европски избори 2019: Рекорден одзив поттикнат од младите луѓе, ЕП, септември 2019 година.

2 Учество на младите на европските избори, Европски парламентарен истражувачки центар (EPRS), декември 2023 година.

3 Конечен извештај, Мисија за проценка на изборите за ЕП во 2024 година, Election-Watch.EU, септември 2024 година.

4 На пример, германскиот Wahl-o-Mat, кој генерално беше дизајниран да се користи од сите гласачки групи, го користеа 14 милиони луѓе. Австрискиот Wahlrechner бил искористен повеќе од 500.000 пати. Словачка има искуство во развивање на ефективни алатки прилагодени на младите за националните избори.

Граѓанското општество и организациите предводени од младите, исто така одиграа клучна улога во подигнувањето на свеста и едукацијата на гласачите. Тие не само што ги таргетираа младите луѓе како корисници, туку и ги зајакнаа како активни учесници во демократските процеси. Некои најзначајни иницијативи пред изборите во 2024 година беа:

- Тест на ЕУ за млади, алатка чија цел е да обезбеди политиките на ЕУ да го земат предвид влијанието на политиките врз младите луѓе, што е поддржано од неколку европски институции;
- Заедничка изјава на ограноците на младинската партија и Европскиот младински форум упатена до сите европски политички партии со која ги повикуваат да ги вклучат младите кандидати на подобни места на кандидатските листи, да се заложат за намалување на возрасната граница за гласање во нивните партиски манифести и да се фокусираат на гласачите за прв пат;
- Младински манифест
- Настан за развивање на младите, кој обединува 1.300 млади лица од Европа за поттикнување на размена на идеи и генерирање на младински барања пред изборите;
- Кампања за едукација на гласачите „Твојот глас, твојата моќ, твојот избор“.

## Младинско учество и застапеност на изборите во 2024 година

И покрај опсежните напори за анимирање на младинскиот електорат и публицитет, влијанието врз учеството и застапеноста на младите на изборите се чини дека е прилично скромно. Иако податоците за излезноста на ниво на ЕУ поделени според возраста сè уште не беа достапни во септември 2024 година, прелиминарните бројки од избрани земји членки и маргиналното зголемување на излезноста на ниво на ЕУ на 50,74 отсто укажуваат на тоа дека нема големи промени во трендовите од претходните избори. Учеството на младите веројатно нема да се зголеми значително, при што гласачите помлади од 35 години најверојатно ќе останат еден од најголемите сегменти од електоратот што апстинира.[5] Се чини дека ова важи и во Германија и Белгија, каде што неодамнешното намалување на возраста за гласање на 16 години го прошири целокупниот електорат.[6] Пред изборите, истражувањето на Евробарометар од мај 2024 година покажа оптимизам, при што 64 отсто од младите луѓе изразија намера да гласаат.

Младинската застапеност исто така не постигна значаен напредок. Просечната возраст на европратениците остана околу 50 години, слично како и во претходниот мандат, 53 години. Младите освоија само 10 отсто од 720 места во ЕП. Застапеноста е исто така многу нееднаква во земјите членки, со нула млади европратеници во 5 земји (Белгија, Ирска, Латвија, Луксембург,

[5] Види постизборен Евробарометар 2019 и Преглед на европските и националните изборни резултати, стр. 39.

[6] Во Германија, намалувањето на возраста за гласање го зголеми вкупниот електорат од 64,9 милиони за околу 4,8 милиони млади гласачи. Во Белгија, ова значеше вклучување на дополнителни 270.000 млади гласачи.

Романија) и само 1 во други осум (Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Естонија, Финска, Унгарија, Литванија). Само неколку земји имаат постигнато над 20 отсто застапеност на младите, и тоа Малта (33 отсто од европратениците што има право да ги избира), Холандија (23 отсто) и Словенија (22 отсто) со највисока застапеност.

## Фактори што влијаат врз инклузијата на младите

Истражувањата сугерираат дека различни фактори можат да го попречат вклучувањето на младите во изборите, меѓу кои:

- недостаток на информации насочени кон младите и граѓанско образование
- разочарување во политиката и политичките сили
- недостаток на прашања од интерес или релевантност за младите луѓе
- апстиненцијата како свесен избор
- законски бариери
- ограничен пристап до финансиски средства за кандидатура
- внатрепартиски бариери
- перцепција на неискуство

Во однос на изборите за ЕП, иако анализата на учеството на младите гласачи ќе биде можна само откако ќе станат достапни релевантните податоци, веќе е направена одредена анализа на факторите што би можеле да ја попречат поголемата застапеност на младите во новиот состав на ЕП. Истакнати се следниве потенцијални бариери:

**Возраст на гласање и кандидирање:** Еден клучен фактор е минималната возраст за гласање и кандидирање. Додека повеќето земји членки ја поставија возраста за гласање на 18 години, само четири (Белгија, Германија, Австрија, Малта) дозволуваат гласање на 16 години, при што Грција дозволува на 17 години. Минималната возраст за кандидирање варира повеќе: иако е 18 во многу земји, девет земји членки налагаат кандидатите да имаат најмалку 21 година, Романија ја одредува на 23, а Грција и Италија на 25 години.[7] Овие возрасни граници сѐ повеќе се гледаат како пречки за поголема изборна инклузија и застапеност на младите, и поттикнуваат понатамошна дебата и истражување.

**Недоволна вклученост како кандидати:** На младите луѓе не им се даваат добри прилики да бидат избрани од самиот почеток. Анализата на кандидатските листи покажува дека националните политички партии генерално не беа подготвени или беа неконзистентни во вклучувањето на младите кандидати на нивните листи.[8] Ова беше спротивно на претходните ветувања на некои партии дека ќе ги прифатат „свежите“ перспективи што младите би можеле да ги донесат и подобро да се поврзат со новата генерација гласачи. Многу партии, исто така, ја пропуштија можноста да привлечат младински гласови со тоа што не испратија повеќе млади кандидати, и покрај доказите

---

[7] Европски избори 2024: Национални правила, Европски парламентарен истражувачки центар (EPRS), април 2024 година.

[8] Европски избори 2024: Младите никогаш немаа шанса, Европски младински форум, јули 2024 година.

што сугерираат силна корелација помеѓу застапеноста на младите на кандидатските листи и мобилизацијата на младите гласачи.[9]

**Ограничен пласман на изборни позиции:** Иако само 6 земји членки на ЕУ користат затворени кандидатски листи (без преференцијално гласање), позиционирањето на кандидатите на листите сѐ уште значително влијае на нивните шанси да бидат избрани. На овие избори, кандидатите помлади од 35 години честопати беа потиснати на непривлечни позиции, подолу на партиските листи, со помалку од 50 отсто шанси да обезбедат место. Спротивно на тоа, постарите кандидати доминираа на повисоките места, каде што е поверојатно дека ќе бидат избрани. Како резултат на тоа, кандидатите во возрасната група од 55-75 години имаа поголеми изгледи да бидат избрани.

## Три мерки во центарот на вниманието: Што може да направи разлика?

Следниве решенија за адресирање на празнините во учеството и застапеноста на младите обично се примарни мерки за подигнување на свеста и застапеноста:

### 1. Намалување на минималната возраст за гласање и кандидирање

Иако 18 години останува најзастапената возраст за гласање во светот,[10] дебатите за намалување на возраста за гласање на 16 години добија замав меѓу креаторите на политики и практичарите кои сакаат да го зајакнат учеството на младите.[11] Приврзаниците на идејата за намалување на возрасната граница тврдат дека ваквите реформи можат да го зголемат одѕивот на младите, да внесат нови перспективи во политичките дискусии и да ги охрабрат политичарите да им дадат приоритет на помладите гласачи како клучна изборна единица. Исто така, се смета за средство за промовирање на меѓугенерациската правда со вклучување на популација која е значително засегната од политичките одлуки, но често исклучена од процесот.[12] Искуството на Малта, каде што намалувањето на минималната возраст за гласање го зголеми електоратот за 1,9 отсто го илустрира нејзиното потенцијално влијание. Студии од Германија и Шкотска, каде што на 16 и 17-годишниците им е дозволено да гласаат, покажуваат дека раното добивање право на глас поттикнува долгорочно учество во изборите, особено кога се комбинира со граѓанско образование во училиштата.[13] И покрај тоа што некои земји одлучија

---

[9] Анализата на Европскиот младински форум (во печатен примерок) забележа дека во Франција, „Непокорна Франција“ (*La France Insoumise*), со 44 отсто млади европратеници, доби најголема поддршка од гласачите на возраст од 18 до 24 години. Слично на тоа, италијанската „Зелено-Лева Алијанса“ (Alleanza Verdi-Sinistra) со 33 отсто од младите европратеници освои мнозинство од гласовите на студентите, со што се вратија во пленарната сала.

[10] Учество на младите во националните парламенти, Интерпарламентарна унија, 2016, стр. 15.

[11] Од меѓународните тела, Советот на Европа и ЕП го одобрија намалувањето на возраста за гласање на 16 години. Види Резолуција на Советот на Европа 387: Гласање на 16 години — Последици врз учеството на младите на локално и регионално ниво, 2015 година; Резолуција на ЕП 2015/2035 (INL) за реформата на европското изборно право, 2015 година, како и најновиот предлог на ЕП за реформа на Европскиот изборен акт од 2022 година.

[12] Колку се ефективни законите и политиките за млади? УСАИД, ИРИ, НДИ, ИФЕС, 2019.

[13] Види ја студијата од Австрија за позитивните ефекти од намалената возраст за гласање кога се комбинира со граѓанско образование.

да не ја усвојат промената, искуството сугерира дека намалувањето на возраста за гласање позитивно влијае на одѕивот на гласачите без негативни ефекти.[14]

На глобално ниво, постои тренд на намалување на минималната возраст за кандидирање, како одраз на поширокиот притисок за зголемување на застапеноста на младите во управувањето. Глобалната просечна возраст за кандидатура во пониските домови сега изнесува 21,9 години. Истражувањето на Интерпарламентарната унија покажува дека во земјите кои дозволуваат кандидатура под 21 година во просек 33,4 отсто од парламентарците се под 45 години, во споредба со само 27,3 отсто во земјите со повисоки возрасни лимити. Овој тренд го покажува позитивниот ефект од намалувањето на возраста за кандидирање врз зголемувањето на политичката застапеност за помладите генерации.[15]

### 2. Младински квоти

Квотите се предложени како алатка за подобрување на застапеноста на младите. Препораки за уважување и усвојување на младинските квоти се појавија во голем број публикации во последниве години.[16] За изборите за ЕП, една од препораките беше да се воведе флексибилна процентуална цел за европратениците помлади од 35 години, соодветна на нивниот удел во населението на ЕУ.[17] Иако малку земји усвоија младински квоти, тие успешно се спроведуваат низ Африка (на пример, Мароко, Руанда), Азија (на пример, Киргистан, Шри Ланка) и Европа (на пример, Шведска, Кипар - доброволно). Квотите може да варираат во форма, на пример резервирани места, законски утврдени квоти за кандидати или доброволни партиски квоти. Истражувањата покажуваат дека земјите со резервирани места или законски квоти имаат повисоки нивоа на застапеност на младите во споредба со оние со доброволни партиски квоти, иако резервираните места често се поспорни. Успехот на младинските квоти, исто така, зависи од факторите како што се правилата за рангирање и санкциите за непочитување, за да се обезбеди солидна застапеност. Како алтернативен пристап, доброволните партиски квоти, кои се користат во земји како Босна и Херцеговина, Шведска и Хрватска, се потпираат на партиска иницијатива и може да биде потребно подолго време за да дадат резултати.[18] Генерално, иако правните реформи можат да ја зголемат описната застапеност на младите, поширокиот успех на младинската политичка инклузија зависи од паралелните напори за зајакнување на младите политичари како ефективни и репрезентативни гласови во управувањето.[19]

### 3. Зголемено и систематско граѓанско образование

---

[14] На пример, Луксембург, Обединетото Кралство и Норвешка пилотираа гласање за помлади од 18 години, но одлучија да не ја намалат возраста за гласање, додека Иран повторно ја зголеми откако првично ја намали. *Op.cit.*, fn 12.

[15] *Op. cit*, fn 10. 12, стр. 16.

[16] *Op.cit*., fn 10; Учество на младите во изборните процеси - Прирачник за изборни органи, УНДП, 2017; Зајакнување на младинското политичко учество во текот на изборниот циклус: Водич за добри практики, УНДП, 2013; Вознемирувачката дихотомија помеѓу потенцијалот на младите и нивните реални можности за значајно учество во донесувањето одлуки и лидерство, ПС на ОБСЕ, јули 2022 година.

[17] Види „Овој пат гласав", но дали сум претставен? Решавање на недоволната застапеност на младите Европејци преку усвојување на младински квоти, Центар Жак Делор.

[18] *Op. cit*, fn. 10.

[19] *Op. cit*, fn. 12.

Обидите за зголемување на младинското учество сè повеќе се фокусираат на систематската демократија и граѓанското образование. Таквото образование се смета за витално при подготовката на младите гласачи активно да се вклучат во изборите и се промовира како основен елемент на граѓанската обука во училиштата низ ЕУ.[20] Покрај промовирањето на информираното учество во изборите, граѓанското образование поттикнува чувство на идентификација со европските демократски вредности.[21] Ова е особено важно во контекст на дебатите околу намалувањето на возраста за гласање. На помладите гласачи им се потребни знаења и вештини за да направат информиран избор, а граѓанското образование го пополнува овој јаз преку зајакнување на политичката свест и разбирањето, овозможувајќи им на младите да се вклучат како активни граѓани. Немањето унифицирана стратегија за граѓанско образование низ земјите членки претставува проблем, и поструктуриран пристап на ниво на ЕУ може да помогне да се усогласи учеството на изборите и да се подобри вклученоста на младите.

Искуството на Австрија ги покажува придобивките од интегрирањето на граѓанското образование со изборните реформи. Кога возраста за гласање беше намалена на 16 години, Австрија спроведе општа иницијатива за демократско образование за 14 и 15-годишниците, со цел младите гласачи да бидат добро подготвени пред да учествуваат на изборите. Овој пристап придонесе за успехот на реформата, овозможувајќи им на младите да се вклучат целосно во политичкиот процес. Европскиот парламент ја препозна важноста на таквите напори во својата резолуција од 2022 година, повикувајќи на сеопфатна европска стратегија за зајакнување на граѓанското образование и промовирање на демократскиот ангажман.

*Овој документ е подготвен во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржините изразени во него не мора да ги одразуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.*

[20] Види Граѓанско образование во националните наставни програми, Брифинг на EPRS, ноември 2023 година, за примери на национални пристапи за интеграција на граѓанското образование.

[21] Ангажирање на младите и жените во изборите за Европскиот парламент, Дискусионен документ 3/2019, Институт за демократија и помош за избори, 2019.